ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Субјект**
Агенција за лекови и медицински средства
Сметка на основен буџет 631

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година

**Цел на ревизијата:** да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни утврдени состојби:**
- невоспоставена соодветна евиденција на приходи
- помалку наплатени приходи во износ од 12.861 илјади денари во постапката за регистрација на медицински средства,
- исплатени се 3.767 илјади денари за ангажирани лица со договор за дело без прецизно дефинирање на стручните квалификации и работни задачи и без доказ за извршена работа
- формирани се 13 повремени комисии во кои членуваат и вработени во МАЛМЕД чии активности се дел од редовните работни задачи, за што се исплатени 4.652 илјади

**Издадено мислење*:**
Изразено е неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година

**Клучни системски слабости:**
Потребно е доуредување на законските и подзаконските акти во насока на:
- дефинирање на рокови за постапување во дел од постапките за издавање на сертификати и одобренија;
- обезбедување транспарентност во начинот на кој се водат клиничките испитувања и дефинирање процентуалното учество на средствата кои треба да бидат приход на ЈЗУ
- Измена на Законот за лекови и медицински средства со цел да се олесни ставање во промет на лекови за третирање зарази кои би предизвикале епидемија или пандемија

**Клучни препораки:**
- воспоставување аналитичка сметководствена евиденција за сите видови на приходи;
- наплатата на надоместокот за запишување во регистарот на медицински средства да се врши за секој производ поединечно;
- јасно дефинирање на стручните квалификации и работните задачи на лицата ангажирани со договор на дело
- активностите во повремените комисии да не се дел од редовните работни задачи

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk